**Видео 12: Закон за природата**

Човекот е дел од природата, тој е едно со животната средина. Правото за заштита на природата е законски уредено преку заштита на биолошката и пределската разновидност и заштита на природното наследство, во заштитени подрачја и надвор од заштитени подрачја, како и заштитата на природни реткости

**Како се остварува заштитата?**

Преку воспоставување на систем на заштита и управување со природата.

**Зошто се воспоставува систем на заштитени подрачја?**

Системот на заштитени подрачје се воспоставува заради заштита на биолошката разновидност во рамките на природните живеалишта, процесите кои се случуваат во природата, како и абиотичките карактеристики и пределската разновидност. Со прогласувањето на подрачјето за заштитено тоа се стекнува со статус на природно наследство.

**Кои категории на заштитени подрачја, се пропишани согласно законот?**

Постојат шест категории на заштитени подрачја, и тоа: строг природен резерват и подрачје на дивина, национален парк, споменик на природата, парк на природата, заштитен предел и повеќенаменско подрачје.

**Кој е начинот и прогласувањето на заштитено подрачје?**

Строгите природни резервати, подрачјата на дивина, националните паркови, спомениците на природата и парковите на природата се прогласуваат за заштитено подрачје со закон. Додека природните реткости ги прогласува Министерот за животна средина и просторно планирање.

**Зошто се изработува Студија за валоризација или ревалоризација на заштитеното подрачјето?**

Заради утврдување на реалната состојба и обезбедување на стручна основа за изработка на актот за прогласување на заштитено подрачје.

**Што треба да содржи актот за прогласување на заштитеното подрачје, односно природна реткост?**

Назив на заштитеното подрачје или природната реткост, категорија на заштита за заштитеното подрачје, географски карактеристики и други основни обележја, картографски приказ со граници на заштитеното подрачје и границите на зоните кои постојат во рамките на заштитеното подрачје, типови на зони во заштитеното подрачје, режим на заштита, субјект кој ќе управува и други прашања утврдени со актот за прогласување.

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

Управата за животна средина е должна да поведе постапка за престанок на заштитата ако се изгубат обележјата заради кои е прогласено заштитеното подрачје.

**Што се зони на заштитено подрачје и кои зони може да се установат?**

Зоните на заштитеното имаат за цел да ги заштитат карактеристиките поради кои едно подрачје е е прогласено како заштитено. Во зависност од типот на зоната, дозволено е извршување на различни типови активности.

**Колку типови зони постојат:**

Зона за строга заштита; зона за активно управување; зона за одржливо користење и заштитен појас

**Кој поднесува предлог за прогласување на заштитено подрачје?**

Законот за заштита на природа утврдува што точно треба да содржи предлогот за прогласување заштитено подрачје. Речиси секој може да поднесе предлог за прогласување на било која категорија на заштитено подрачје вклучувајки и физички и правни лица. Предлозите, се доставуваат до Министерството за животна средина и просторно планирање.

**Која е постапката за прифатливост на предлогот и прогласување на заштитеното подрачје?**

Министерството за животна средина и просторно планирање по разгледувањето на предлогот за прогласување заштитено подрачје и мислењето од Националниот совет за заштита на природата и предлага на Владата донесување на одлука за прифатливоста на предлоготи за натамошната постапка за прогласување на заштитеното подрачје.

По одлуката на Владата, Министерството за животна средина и просторно планирање спроведува јавна расправа која се спроведува на подрачјето на општинатана чијаштотериторијасе наоѓа заштитеното подрачје.

Учесниците во јавната расправа, во рок од десет работни дена по одржувањето на јавната расправа,можат да достават свои забелешки по предлогот за прогласување на заштитено подрачје до Министерството. За спроведената јавна расправа се изработува извештај.

**Кој одлучува по конечниот предлог за прогласување на заштитено подрачје?**

Владата го разгледува и усвојува предлогот за прогласување на заштитено подрачје.

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

Конечниот предлог за прогласување на заштитено подрачје содржи извештај од завршената јавна расправа и акт за прогласување за заштитено подрачје.

**Колку трае привремената заштита?**

Деловите на природата за кои се води постапка за нивно прогласување за заштитено подрачјесе ставаат под привремена заштита, согласно решение кое го донесува Министерот за животна средина и просторно планирање. Привремената заштита трае една година од денот кога е донесено решението или најдоцна до донесувањето на актот за прогласување на заштитено подрачје.

**Кој ги донесува плановите за управување со заштитени подрачја?**

Заради остварување на заштитата на заштитените подрачја, субјектите надлежни за нивно управување и заштита донесуваат планови за управување во рок од три месеци од денот на прогласувањето на подрачјето за заштитено. Министерството за животна средина и просторно планирање дава согласност на планот и годишната програма пред тие да се донесат.

**Кој врши управување, надзор и заштита на заштитени подрачја?**

Јавни установи - Национален парк согласно со законските одредби и актот за прогласување на националниот парк. Повеќенаменските подрачја ги управуваат и заштитуваат јавни претпријатија основани од Владата.

Доколку постои преклопување на териториите на заштитените подрачја со различна категоријана заштита или доколку спомениците на природа и парковите на природата се помали од 100 ха можат да се групираат и согласно со актот за прогласување, да бидат управувани од еден субјект за управување, или пак да бидат управувани од субјектот кој управува со поголемо соседно подрачје.

**Што се уредува со актот за основање на јавната установа- Национален парк од страна на Владата?**

Се уредува начинот на вршење на дејноста од јавен интерес, меѓусебните права и обврски наВладата и јавната установа – Национален парк.

**Кој го врши инспекцискиот надзор над примена на овој закон?**

Инспекциски надзор врши државниот инспекторат за животна средина, преку државни инспектори за заштита на природата.
Македонското здружение на млади правници нуди правна поддршка на еколошките граѓански организации. Контактирајте го здружението и информирајте се детално за активностите кои можете да ги преземете.

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.